Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 17.08.2020

На 17.08.2020 во 01.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје во близина на паркинг просторот кај Спортскиот центар „Борис Трајковски" го лишиле од слобода Ј.П.(26) од Дебар, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.08.2020 во 12.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Христо Татарчев" го лишиле од слобода А.Ј.(27) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.08.2020 во 10.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Благоја Стефковски" го лишиле од слобода Б.К.(40) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.08.2020 во 13.10 часот, од полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Антон Димитров" бил приведен Н.С.(29) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.08.2020 во 22.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје во близина на паркинг просторот кај Спортскиот центар „Борис Трајковски" го лишиле од слобода П.П.(20) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

16.08.2020 околу 13.20 часот на авто траката која се одржуваше на регионалниот пат Пробиштип - Кратово, кај место викано „Жгури", патничко возило „хонда сивик", без регистарски ознаки, управувано од А.К.(43) од Скопје - учесник на траката, удрило во К.А.(62) од Скопје - техничко лице на трката, кој се здобил со повреди и бил пренесен во Општа болница Пробиштип. Поради сериозноста на повредите од таму бил препратен во Медицински центар Штип, но по патот починал. Увид извршиле екипа од СВР Штип и Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 16.08.2020 во 09.20 часот било пријавено дека на бул.„Македонски просветители" во Охрид, патничко возило „фиат", со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.А.(23) од с.Батинци, скопско, удрило во пешакот В.Ц.(71) од Скопје. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо" Охрид. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Охрид.

На 16.08.2020 во 12.45 часот во СВР Битола било пријавено дека во близина на фудбалското игралиште во с.Долно Оризари, битолско, при изведување на градежни работи, биле пронајдени три неактивирани рачни бомби, кои потекнуваат од Правата светска војна. Бомбите биле безбедно подигнати од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување.

На 16.08.2020 во 22.30 часот било пријавено дека на магистралниот пат Струмица - Штип, кај клучка Радовиш, патничко возило „ауди Q7", со скопски регистарски ознаки, управувано од непознато лице, во кое се превезувале 12 мигранти од Сирија, удрило во запрено товарно возило, сопственост на МВР. На местото на незгодата починал еден од мигрантите, а еден им подлегнал на повредите во Медицинскиот центар Штип. Останатите лица се здобиле со тешки телесни повреди, додека еден полициски службеник се здобил со телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар Штип. Извршен бил увид на местото на незгодата од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Струмица. Во периодот од 22.40 до 23.40 часот сообраќајот на наведениот патен правец бил во прекин, а потоа е пренасочен по спореден пат.

Во текот на 14, 15 и 16.08.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се 36 возачи затоа што управувале моторно возило со брзина поголема од дозволената, осум возила бидејќи биле нерегистрирани, 12 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, тројца возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, а 99 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 16.08.2020 во 10.20 часот било пријавено дека на ул.„1" во с.Долно Лисиче во Скопје, В.Б.(78) од с.Долно Лисиче, управувајќи велосипед, удрил во бетонска ограда по што паднал на коловозот и починал на местото на незгодата. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

На 16.08.2019 во 21.30 часот, полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Карпош и СВР Велес на подрачјето на Велес го лишиле од слобода М.Е.(59) од Велес, за кого била распишана национална потерница за издржување на казна затвор по наредба од Основен кривичен суд Скопје, поради сторени кривични дела „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи", „злосторничко здружување", „шпионажа", „измама", „прикривање" и „уцена". Тој бил приведен во Полициска станица Велес, по што бил спроведен во Казнено-поправната установа „Идризово" за издржување на казната затвор.

На 16.08.2020 од 15.00 до 20.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово на тетовско-гостиварското подрачје спроведе акциска контрола за брзина со која се движат возилата во и надвор од населено место. При контролата биле откриени вкупно 66 возачи (ТЕ-30 и ГВ-36), кои ја пречекориле дозволената брзина надвор од населено место. Покрај ова, откриени се и 10 прекршоци (ТЕ) во населено место. Откривените прекршоци се заокружени со 75 мандатни платни налози (ТЕ-40 и ГВ-35), како и со еден прекршочен налог (ГВ), така што покрај паричните глоби, прекршителите ќе се соочат и со заштитната мерка - забрана за управување со моторно возило, зависно од видот и карактерот на прекршокот.

На 16.08.2020 околу 21.00 часот на ул.„171" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го привеле Н.Т.(52) од Република Албанија, кој непријавено престојувал на подрачјето и го нарушил јавниот ред и мир. Н.Т. бил задржан во Полициската станица Тетово за понатамошна постапка и по целосно расчистување на случајот ќе му биде изготвен поднесок.

На 16.08.2020 година околу 21.00 часот во ОВР Струга бил приведен Ѓ.Д.(21) од Битола, поради спречување и напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста. Тој, пред почеток на спортски натпревар на „Женска плажа" во Струга, движејќи се со поголема група навивачи од Битола, физички нападнал навивач од Струга, а потоа и полициски службеник кој презел службени мерки за спречување на нападот. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.08.2020 во 22.10 часот било пријавено дека на регионален пат Кичево - Македонски Брод, во близина на влез за с.Лисичани, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „опел", со кичевски регистарски ознаки, управувано од С.С.(28) од Кичево и трактор, управуван од Ј.М.(62) од с.Лисичани. Во незгодата се тешки телесни повреди се здобил Ј.М., а со телесни повреди се здобил С.С., констатирани во Медицинскиот центар Кичево. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Кичево.

На 17.08.2020 во 02.50 часот, Н.С.(23) од Скопје пријавила дека околу 02.30 часот на ул.„Иван Хаџиниколов" била физички нападната од С.С.(19) и В.З.(20), двајцата од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 16.08.2020 во 20.40 часот А.Т.(43) од Скопје пријавил дека околу 19.00 часот на ул.„Благоја Стефковски" бил физички нападнат од Т.Г. и Л.А.. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 16.08.2020 во 13.00 часот, Љ.П.(79) од Скопје пријавила дека околу 10.00 часот едно лице ја измамило за сума од 500 долари. Според пријавеното, лицето дошло во нејзиниот дом и се претставило како дете на нивен познаник и ѝ ги побарало парите, по што пријавителката му поверувала и му ги дала. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.08.2020 во 23.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во кампот за бездомници во Чучино село настанал пожар, во кој биле опожарени три бараки кои биле вон употреба. Повредени лица нема, а пожарот бил локализиран од екипи на Бригадата за противпожарна заштита. Увид ќе се врши во текот на денот.

На 16.08.2020 во 10.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, К.И.(52) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечил К.К.(32) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 17.08.2020 З.Н.(53) од Кичево во полициската станица пријавил дека на ул.„Партизански одреди" во Кичево бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.Н.(47) од с.Оровник – Дебрца, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување или уништување на деловни книги". На 04.06.2020 во Агенција за вработување - Подрачна единица Охрид, пријавената го побарала на увид документот „барање за остварување право на паричен надоместок за време на вонредна состојба", кој претходниот ден, на 03.06.2020, доброволно и своерачно го потпишала во присуство на вработените и тој документ го искинала на делот каде дила потпишана.

СВР Велес поднесе кривична пријава против В.Б.(48), М.Р.(19), Н.А.(20) и З.Ј.(24), сите од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непоступување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените, во периодот од 20.05.2020 до 06.06.2020, без дозвола и без оправдана причина за итност, биле затекнати надвор од своите домови и не се придржувале кон воведената мерка „забрана на движење на подрачјето на Република Северна Македонија", со цел спречување на ширење на заразната болест Ковид -19 и заштита на населението.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Ш.Е.Ј.(29) и С.Ј.(34), двајцата од с.Селце, штипско, Б.Ј.(38) од Штип и Ј.Ц.(28) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непоступување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените, во периодот од 05.06.2020 до 07.08.2020, без дозвола и без оправдана причина за итност, биле затекнати надвор од своите домови и не се придржувале кон воведената мерка „забрана на движење на подрачјето на Република Северна Македонија", со цел спречување на ширење на заразната болест Ковид -19 и заштита на населението.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет